беше прогласена за улица
на уметниците и боемите.

*(Ј.И.)*



■ На распишаниот конкурс пристигнале 12 понуди, но ниту една не била комплетна, па одлучено е авторот да го препорача посебна комисија

# Конкурсот за скулптура пред НБМ поништен

Градските власти го поништија конкурсот за избор на изготвувач на скулптурата, која треба да биде поставена пред НБМ. Изборот на авторот кој треба да ја изработи скулптурата веќе нема да се врши преку јавен конкурс, туку по нарачка. Никола Велковски, главен градски архитект, информираше дека на јавниот конкурс, кој траеше до 15 февруари се пријавиле 12 автори со свои трудови, при што речиси ниту еден не ги задоволувал условите предвидени во конкурсот. "Конкурсот предвидуваше да има најмалку 10 понуди, кои ги задоволуваат сите услови. Добивме само дванаесет, и речиси сите беа нецелосни, односно немаа описи на скулптурата, фотографии и компјутерски анимации. Поради тоа решивме да го поништиме конкурсот, а комисијата која го води проектот за поставување на скулптурата, на чело со професорот Петар Хаџибошков, треба да ѝ препорача на НБМ неколку македонски скулптори, од кои инвеститорот сам ќе избере еден и кај него ќе го порача проектот", вели тој. *(Е.А.)*